Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 04-8987/7
Скопје, 29-08-2019 година

Врз основа на 27 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта и член 13 од Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас бр.02-4105/14 од 02.04.2018 година и бр. 02-5377/6 од 09.05.2018 година, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.1/2019
за пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, за работно место Раководител на одделение за наплата и контрола на патарина, со шифра на работно место КДР0305А03097, 1 (еден) извршител

I. За пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, по објавениот Интерен оглас бр.1/2019, за работно место Раководител на одделение за наплата и контрола на патарина, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, со шифра на работно место КДР0305А03097, 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

1. Марко Брезоски

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за селекција во постапката за унапредување формирана со Решение бр.04-8987/3 од 19.08.2019 година, по објавениот интерен оглас број 1/2019 за пополнување на работно место со унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, бр.04-8987/2 од 19.08.2019 година, спроведе постапка во согласност со Законот за јавните претпријатија и Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во Јавното претпријатие за државни патишта, формата и содржината на интерниот оглас бр.02-4105/14 од 02.04.2018 година и бр. 02-5377/6 од 09.05.2018 година.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за пополнување на работното место со унапредување, Раководител на одделение за наплата и контрола на патарина, во Секторот за одржување, заштита на патишта и наплата на патарина, со


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

шифра на работно место КДР0305А03097, 1 (еден) извршител, Комисијата до Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираните кандидати број 04-8987/6 од 27.08.2019 година.

Врз основа на наведеното, Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:**Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

Директор
Зоран Китанов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ

Доставено до:
- Именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал:Сашо Тренчевски
Одобрил: Сузана Атанасова
Зоран Велков


**Јавно претпријатие за државни патишта**
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/